РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ 2

| Примено: | 26.08.2013 | | |
|---|---|---|---|
| Орг единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 12/108 | | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 30 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12 и 24/13), министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по ликовно образование за VI одделение на деветгодишното основно образование за учениците со пречки во психичкиот развој.

АДАПТИРАНА НАСТАВНА
ПРОГРАМА ЗА УЧЕНИЦИТЕ
СО ПРЕЧКИ ВО
ПСИХИЧКИОТ РАЗВОЈ

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

VI ОДДЕЛЕНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО
ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2013

## 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО VI ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да искажува љубопитство и интерес за ликовна работа и творење;
- да развива способности за примена на разни материјали и техники за цртање, сликање, моделирање, градење и визуелни комуникации во ликовното изразување;
- да знае да ги разликува особеностите на ликовните материјали, постапки за работа и правилната употреба на помагалата и алатот во ликовно – творечката работа;
- да го открива и користи ликовниот јазик - ликовните елементи: линија, боја, форма, текстура, плоштина, простор и друго и нивната употреба во ликовното творештво;
- да знае основни поими и ликовни термини за светот кој го окружува;
- да запознава нови термини кои се користат во наставните содржини ;
- да ги искажува самостојно и слободно своите сознанија, доживувања и впечатоци, мисли и фантазија со помош на ликовниот јазик и творештво;
- да користи разни постапки за ликовно изразување (капење, гребење, прскање, туфирање и др.);
- да се поттикнува да твори самостојно, тандемски, групно и колективно;
- да умее да направи избор на идеја, активност и средства и да состави ликовна творба;
- да развива способности за набљудување, вербално објаснување и естетско проценување;
- да развива способност за разликување дела од различни ликовни подрачја (цртеж, слика, скулптура, архитектура);
- да го препознава ликовниот јазик и ликовните елементи на уметничкото дело;
- да развива свест за присуството и функцијата на уметноста во секојдневниот живот;
- да умее да споредува сличности и разлики меѓу предметите и појавите и да ги открива ликовните вредности;
- да ги применува стекнатите знаења во училишниот живот и животната практика;
- да умее да рзбира и да искажува различни емоции преку сликарски материјали и техники;
- да развива свест за уметничка култура и да ја користи уметноста како начин на комуникација;
- да ја користи уметноста како начин на комуникација, како и за чување и оплеменување на својата околина;
- да развива способност за визуелна и тактилна перцепција и меморија;
- да умее слободно да комуницира со своите врсници и возрасните;
- да умее вербално да објасни ликовна творба;
- да се запознава со културното наследство, како и за негување и чување на културните вредности;
- да ги препознава визуелните медиуми и средства и нивната функција;
- да умее да ја користи компјутерската техника за ликовно творештво
- да развива културно-хигиенотехнички и работни навики;

## 2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| *Цртање* | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>➢ да црта линии со различен интензитет (повторување);<br>➢ да разликува и да користи различни видови линии и да црта контура и текстура;<br>➢ да компонира текстури формирани со линија;<br>➢ да реализира ефект на светло - темни површини со користење на линија;<br>➢ да ги совладува техничките можности на различните цртачки техники: цртање со молив, туш, пастел, темпера, акварел;<br>➢ да стекнува технички способности за реализација на линиски цртеж со користење на шрафура, туфирање;<br>➢ да разликува и реализира цртеж со употреба на линија со перце и четка;<br>➢ да реализира цртеж со помош на компјутер со различни видови на линија;<br>➢ да реализира опсервациски и цртеж;<br>➢ да препознава повторување во околина и препознава ритам. | Сретства за цртање и нивната употреба<br><br>Ликовни елементи во цртањето<br><br>Цртање | Контура<br><br>Текстура<br><br>Површина со линија<br><br>Интензитет<br><br>Туфирање<br><br>Шрафура<br><br>Лавиран туш | o Ја набљудува околината, воочува и препознава линиски вредности во просторот.(со наставникот)<br>o Воочува видови линии во уметничките дела (со помош на наставникот).<br>o Црта контурна линија (суво дрво, листови од дрвја, инсекти, згради).<br>o Црта текстурни линии (дефинирање на површина со линија).<br>o Црта линии со различна густина и добива површини со различни тонски вредности.<br>o Реализира опсервациски цртеж со линија.<br>o Цртање со молив, туш, темпера, водни бои, компјутер.<br>o Цртање линии со дадена една точка.<br>o Ги анализа и споредува пропорциите кај перципираните објекти кои се претставени со слики.<br>o Воочува различни тонски вредности во околината.<br>o Реализира различни текстури со линија.<br>o Воочува различни видови ритми во околината.<br>o Изразува различни видови ритми со линија.<br>o Цртање со туш, перце, дрвце, четка, фломастер, темпера, акварел, компјутер. |

| *Сликање* | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>➢ да воочува бои во природата и уметничките дела;<br>➢ да создава творба со користење на боја, плоштина, линија, текстура;<br>➢ да примени нијанси во сликањето;<br>➢ да умее да слика на различни подлоги. | Средства за сликање и нивната употреба<br><br>Ликовни елементи во сликарството<br><br>Сликање<br><br>Естетско проценување | Фреска<br><br>Мозаик<br><br>Ѕидно сликарство<br><br>Колаж | o Сликање и претставување текстура со боја.<br>o Сликање пејсаж со основни и изведени бои. При сликањето користат цевки со кои ја дуваат бојата по површината на сликата.<br>o Сликање со ахроматски бои. Освен со четка може да се користат нестандардни средства, како и сликање со прсти и/или со целите дланки.<br>o Сликање со контрастни бои.<br>o Изразување комплементарен контраст на бои (колаж).<br>o Контраст (светло-темно).<br>o Ученикот ги перципира и споредува тонските разлики (светол, темен, најтемен, најсветол тон) на пр., сликање виножито.<br>o Реализирање тонско степенување во ликовна творба (сликање скали во различна боја). |

| | | | |
|---|---|---|---|
| *Обликување во просторот , моделирање* | | | |
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>➢ да разликува полна пластика од релјеф;<br>➢ да се запознава со релјеф и видови на релјеф;<br>➢ да препознава и да разликува видови релјеф;<br>➢ да ги усовршува разните постапки на обликување со глина;<br>➢ да ја применува линијата и текстурата при моделирањето;<br>➢ да создава слободна ликовна композиција со разни „нескулпторски“ материјали;<br>➢ да се запознава со поимот архитектура;<br>➢ да ја усовршува умешноста за користење материјали за тридимензионално обликување. | Средства за моделирање<br><br>Ликовни елементи во моделирањето<br><br>Моделирање<br><br>Основни средства за градење<br><br>Ликовни елементи во градењето<br><br>Градење | Релјеф<br><br>Моделирање<br><br>Архитектура<br><br>Боја<br><br>Пропорција<br><br>Симетрија-асиметрија | o Перципцирање на 2Д и 3Д форми од околината.<br>o Моделирање на 2Д и 3Д форми од непосредното окружување по избор на ученикот.<br>o Моделирање со одземање, додавање, цртање, перфорирање.<br>o Моделирање со алатки и со прсти.<br>o Обликување скулптура од глина според објекти и предмети од непосредното окружување.<br>o Со компонирање на готови форми создава сложена композиција.<br>o Употребува различни „нескулпторски“ материјали за ликовно изразување. |

| *Графика* | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>➢ да се запознава што е скица за графика од скица за слика;<br>➢ да користи линија, површина и текстура во дефинирањето на графичките форми;<br>➢ да ги разбира ликовните елементи и принципи кои се употребени во графичкото дело;<br>➢ да се запознава со техниката линорез;<br>➢ да се запознава со начините на добивање графички отпечаток;<br>➢ да стекнува знаења и способности за самостојно да реализира графика во техника на линорез. | Средства за графички израз и нивна употреба<br><br>Графички елементи во сликањето<br><br>Графика<br><br>Естетско проценување | Ахроматски контраст<br><br>Хроматски контраст<br><br>Позитив - негатив<br><br>Линорез | o Изведување на позитив и негатив на основен цртеж.<br>o Реализирање на композиција со доминанта на линија.<br>o Изведување едноставна скица за линорез и реализација на матрица во линолеум со помош на наставникот.<br>o Вклучување на букви или текст како ликовни елементи во единствена ликовна целина. |

| *Дизајн и визуелни комуникации* | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>➢ да препознава ликовни елементи во објектите за секојдневна употреба;<br>➢ да стекнува поим за стилизација и способности да стилизира облици од природата;<br>➢ да стекнува основни сознанија за филигран;<br>➢ да стекнува способности за изработка на скица за филигран со стилизирани елементи од природно потекло;<br>➢ да се запознава со поимот заштитен знак-лого;<br>➢ да вклучува и текст како составен елемент на ликовен израз;<br>➢ да стекнува познавања и способности за реализација на декоративни елементи со помош на компјутер. | Дизајн<br><br>Ликовни елементи во дизајнот<br><br>Визуелни комуникации<br><br>Естетско проценување | Фриз<br><br>Филигран<br><br>Дизајн<br><br>Заштитен знак<br><br>Симбол | o Црта фриз и розета со употреба на стилизирани флорални форми.<br>o Црта едноставна скица - фрагмент за изработка филигран според според понуден модел<br>o Реализирање на заштитен знак со помош на компјутер.<br>o Разгледување различни логоа.<br>o Црта лого за училиштето.<br>o Набљудува едноставни заштитни знаци на фирми, институции и производи.<br>o Реализира едноставно лого со помош на компјутер.<br>o Користи детски игри преземени од Интернет (дизајнирање облека, уредување ентериер и хортикултурно уредување). |

Напомени за начинот на планирање и реализација на наставната програма

Во паралелките во посебните основни училишта и во посебните паралелки при редовните основни училишта составот на учениците е изразито хетероген. За учениците со посебни образовни потреби, согласно видот и степенот на попреченоста, треба да се практикува строго диференциран и индивидуализиран пристап во рамките на воспитно – образовниот процес. Ваквиот приод е во функција на нивните индивидуални специфични потреби, а, се очекува да резултира со развивање на индивидуалните потенцијали, и, секако максимални академски постигања.
Во тој контекст, наставниците кои реализираат настава со овие ученици треба:

- да се обидат при изготвувањето на планирањето (доколку видот и степенот на попреченоста на учениците во паралелката го дозволува тоа) да планираат исти содржини, цели и активности за целата паралелка;
- за учениците во паралелката чиј вид и степен на попреченост не дозволува наставниците да планираат исти содржини, цели и активности за целата паралелка, тогаш за нив треба да планираат парцијална партиципација во рамките на содржините, целите и активностите кои ги реализира целата паралелка;
- доколку видот и степенот на попреченост е многу сериозен наставникот пристапува кон изготвување интерен индивидуален образовен план за тие ученици во рамките на адаптираните наставни програми (при изготвувањето на индивидуалниот образовен план наставникот може да користи наставни содржини и цели и од наставните програми од претходните учебни години). Кога наставникот во индивидуалниот образовен план користи наставни содржини и цели и од наставните програми од претходните учебни години, треба да ги наведе одделението, содржините, како и целта на нивното повторно обработување.

## 3. КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧЕНИЦИТЕ СО ПРЕЧКИ ВО ПСИХИЧКИОТ РАЗВОЈ

Кај учениците со пречки во психичкиот развој се аспектирани степенот на интелегенција, квалитетот на перецепцијата, способностите за анализа и синтеза, мислењето, памтењето, вербалните способности, мотивацијата, како и моторните и социјалните компетенции. Овие учениици се со сиромашен речник, недоволниот лексички фонд не им дозволува адекватно да ги изразат своите мисли и истовремено го отежнува разбирањето на искажаното на соговорникот. Во говорните ситуации често употребуваат многу воопштени, нејасни, неопределени и несоодветни зборови (исказите не се прецизни, или воопшто не се соодветни за предметите за кои говорат).Тешкотии во ориентацијата во просторот претставува голем проблем при развивање на способностите за читање, пишување и извршувањето на математичките задачи. Тешкотиите при памтењето доаѓаат до израз во спориот процес на памтење и отсуството на примена на техниките на запамтување. Некои истражувања покажуваат дека и овие ученици можат да бидат успешни доколку се исполнат одредени предуслови. Секоја нова содржина треба максимално да биде прилагодена на способностите на ученикот, адекватно дозирана со примена на соодветни и за ученикот интересни наставни средства. Неопходно е повеќе пати да се повторува на нови примери, со нови наставни средства и дидактички материјал. Дури на добро разбрана и усвоена содржина може да се градат нови

педагошки барања. Се препорачува изготвување индивидуализирани наставни ливчиња за повторување , утврдување и увежбување на одредени содржини. На краткотрајното задржување на вниманието на некоја содржина (флуктуирачко внимание) може да се влијае преку одредени методски постапки (развивање интерес на содржината кој вклучува едноставни и одредени задачи -налози, разбирливост на градивото кое му се презентира на ученикот, примена на таков дидактички материјал кој е инетересен, различен и не е оптоварен со непотребни детали.

Подрачјето на перцептивниот развој вклучува низа компоненти како основа за успешно учење. Особено се значајни оние кои се одговорни за аудитивната, визуелната, тактилната и кинестетичката перцепција т.е. интерпретацијата на околината од страна на ученикот на споменатите подрачја. Додека во перципирањето секогаш е присутна сензорната дразба на тоа што ќе перципираме влијае состојбата во која се наоѓаме, претходното искуство кое го поседуваме, па според тоа перципирањето не претставува само пасивно регистрирање на дразбите кои делуваат на нашите осетни органи. Предуслов е инатактното сензорно функционирање. Испитувањата покажуваат дека освен тешкотиите во перципирањето во едно осетно подрачје , кај нив може да се јават тешкотии во интеграцијата на информациите од повеќе сензорни подрачја, како и тешкотијата во селективната детекција, кои се однесуваат на перцепциите на релевантните карактеристики на дразбата.

Овие ученици најчесто учат по пат на имитации, затоа наставникот треба да биде во улога на модел кој учениците ќе го имитираат. Учењето на нови содржини треба да претставува надградување врз претходното знаење (секојдневните искуства) на учениците. Во таков педагошки дијалог учениците можат да ги покажат сопствените знаења и вештини и активно да партиципираат во текот на часот. Преку педагошкиот дијалог наставникот формира јасна претстава за нивото на усвоеност на одредени содржини и вештини.

При планирањето наставникот треба да го почитува принципот на функционално учење, наученото на часот да биде практично применливо во секојдневното живеење. Тоа ќе биде дополнителен мотив за учениците побрзо и поуспешно да учат. Учениците ќе бидат мотивирани, а, интересот за учење ќе биде голем доколку наставната содржина е презентирана во вид на приказна, со стил близок и разбирлив за учениците. Треба да се избегнува оптоварување со фактографски податоци кои се речиси неупотребливи за оваа популација. Учениците треба да се постојано ангажирани, и, истовремено задоволни, а наставникот дискретно треба да ги има сите во фокус, и, секако да се обидува да одговори на нивните специфични потреби и афинитети.

## 4. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Наставните содржини од предметот ликовно образование даваат можност за интегрирано целно и содржинско поврзување со останатите наставни предмети. Исто така, се дава можност за внатрешно интегрирано планирање на сите теми во согласност на потребите на учениците и планираните активности.

Наставниот предмет е задолжителен. Застапен е со 2 часа неделен, односно 72 часа годишен фонд.

**Наставни средства:**

- разни извори на учење од непосредната околина (предмети во природата и околината);
- дидактички средства и материјали;
- визуелни средства (предмети од непосредната околина, репродукции, детски творби, апликации и сл.);
- слајдови, сликовници, списанија и сл.;
- аудиовизуелни средства (ТВ, ДВД, видеоплеер, дигитален фотоапарат, дигитална камера, мобилен телефон, компјутер и други средства зависно од предметот);
- Интернет, образовни софтвери.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за ликовно творење, колективната соработка и сл. (формативно оценување).
Оваа компонента е составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето. На крајот на полугодието и на наставната година се изведува само бројчана оценка.

## 6. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно училиште донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 7. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно - образовната работа во шесто одделение може да ја изведува лице кое завршило:

- Факултет за ликовни уметности – педагошки оддел;
- Факултет за ликовни уметности – со дополнително положено група педагошки предмети;
- дополнителна дефектолошка дообразба;
- филозофски факултет – Институт за дефектологија, дипломиран дефектолог;
- дефектолошки факултет, дипломиран дефектолог.

Изготвил: работна група, координатор Марија Симонова, советник во Бирото за развој на образованието - Скопје
Контролирал: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор во Бирото за развој на образованието – Скопје
Одобрил: м-р Весна Хорватовиќ, директор на Бирото за развој на образованието - Скопје

## 8. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по ликовно образование за шесто одделение на деветгодишното основно образование за учениците со пречки во психичкиот развој, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

на ден ------------------------------------------

Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-3999/1
19 08 2013 год.
СКОПЈЕ

Министер,

Спиро Ристовски